# СООПШТЕНИЕ

Операторот на електропреносниот систем, врз основа на член 78 став (2) точка 12) од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) е должен да изработи годишен план за одржување на внатрешните далекуводи од електропреносната мрежа, и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) да го објави на својата веб страница.

АД МЕПСО Скопје на 30 декември 2020 година до Регулаторната комисија за енергетика достави на одобрување План за одржување на внатрешните далекуводи за 2021 година бр.12-2447/1 од 30 декември 2020 година.

Со оглед на тоа што по укинувањето на вонредната состојба во Република Северна Македонија сеуште постои пандемија од заразна болест и е прогласена кризна состојба, а во интерес на зачувување на здравјето на странките, Регулаторната комисија за енергетика одлучи да не се одржуваат подготвителни седници и комуникацијата со засегнатите страни да се одвива по електронски пат.

Имајќи го предвид горенаведеното, на следниот линк е Планот за одржување на внатрешните далекуводи за 2021 година доставен од АД МЕПСО Скопје по којшто најдоцна до 18 јануари 2021 година можете да доставувате забелешки, коментари и предлози на erc@erc.org.mk.

Со почит,

**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**

**на Република Северна Македонија**

План за одржување на внатрешните далекуводи за 2021 година доставен од АД МЕПСО Скопје

ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk